D565/14 579

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 11. 6. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 35/7 | | |

Бр. 02-630/20
29.5.2018 година
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), членовите 217 и 218 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат, на 22. седница одржана на 29.5.2018 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за стекнување на звање редовен професор доживотно и засновање на работен однос на неопределено време**

**Член 1**

Се утврдува дека проф. д-р **Анета Христова-Поповска** избран во звањето редовен професор на 26.6.2013 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Архитектонски факултет – Скопје, се стекнува со звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Образложение**

Со одредбата од член 217, став 2 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) е утврдено дека до донесување на општите акти на високообразовните установи утврдени со овој Закон кои се однесуваат на условите, постапката и критериумите за избор во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање, изборот во овие звања ќе се вршат според одредбите на овој закон и на општите акти кои биле во сила на денот на стапување во сила на овој закон, при што одредбите на општите акти на високообразовните установи кои се во спротивност со одредбите на овој закон, нема да се применуваат. Согласно член 218, став 1 редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

Врз основа на цитираните одредби, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Република Македонија * Скопје *

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска